**20222854299**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 35 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНАТА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА ГЕОЛОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација.

Член 2

Стручната оцена (ревизија) се врши на геолошката документација за вршење на основни, проспекциски и детални геолошки истражувања.

Член 3

За вршење на стручна оцена (ревизија) на проект за вршење на основни геолошки истражувања до Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација (во натамошниот текст: Комисијата) се доставува проект за вршење на основни геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД) од страна на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Геолошкиот завод).

За вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборат за основни геолошки истражувања до Комисијата од страна на Геолошкиот завод се доставува:

- копија од проектот за вршење на основни геолошки истражувања и
- елаборат за основни геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД).

За вршење стручна оцена (ревизија) на геолошки карти со толкувачи на истите до Комисијата од страна на Геолошкиот завод се доставува:

- копија од проектот за вршење на основни геолошки истражувања и
- геолошки карти со толкувачи на истите, со целокупната нивна базна, теренска и друга документација (во три оригинални примероци со ЦД).

Член 4

Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација за вршење на проспекциски или детални геолошки истражувања се врши врз основа на барање за вршење на стручна оцена (ревизија) од страна на имателот на концесијата за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини односно имателот на геолошката документација (во натамошниот текст: барателот).

Член 5

За вршење на стручна оцена (ревизија) на проект за вршење на проспекциски геолошки истражувања, до Геолошкиот завод од страна на барателот кон барањето се приложува:

- проект за вршење на проспекциски геолошки истражувања на просторот на кој е доделена концесијата за проспекциски геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД),

- договор за концесија за проспекциски геолошки истражувања (оригинал или копија заверена од нотар) и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

За вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборат за извршените проспекциски геолошки истражувања, до Геолошкиот завод од страна на барателот кон барањето се приложува:

- елаборат за извршените проспекциски геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД),
- договор за концесија за проспекциски геолошки истражувања (оригинал или копија заверена од нотар),
- фотокопија од книга во која се водат извршените истражни работи за проспекциските геолошки истражувања потпишана од назначеното стручно лице за вршење надзор над проспекциските геолошки истражувања и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

Член 6

За вршење на стручна оцена (ревизија) на проект за вршење на детални геолошки истражувања, до Комисијата од страна на барателот кон барањето се приложува:

- проект за вршење на детални геолошки истражувања на просторот на кој е доделена концесијата за детални геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД),
- договор за концесија за детални геолошки истражувања (оригинал или копија заверена од нотар) и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

За вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини, до Комисијата од страна на барателот кон барањето се приложува:

- елаборат со пресметка на потребни количини на минерални суровини (во три оригинални примероци со ЦД),
- одобрение за градба на објектот издадено од надлежен орган (копија заверена од нотар) и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

За вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборат за извршените детални геолошки истражувања, до Комисијата од страна на барателот кон барањето се приложува:

- елаборат за извршените детални геолошки истражувања (во три оригинални примероци со ЦД),
- договор за концесија за детални геолошки истражувања или дозвола за детални геолошки истражувања (оригинал или копија заверена од нотар),
- фотокопија од книга во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања потпишана од назначеното стручно лице за вршење надзор над деталните геолошки истражувања и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

За вршење на стручна оцена (ревизија) на елаборат за прекатегоризација на рудните резерви, до Комисијата од страна на барателот кон барањето се приложува:

- елаборат за прекатегоризација на рудните резерви (во три оригинални примероци со ЦД),
- договор за концесија за експлоатација на минерални суровини (оригинал или копија заверена од нотар) и
- доказ за извршена уплата на надоместокот за вршење на стручна оцена (ревизија).

Член 7

При вршењето на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација се врши преглед односно увид и оцена на:

- општите документи дали изготвувачот на геолошката документација предмет на ревизија ги исполнува условите согласно закон,
- книгата во која се водат извршените истражни работи за проспекциските или деталните геолошки истражувања потпишана од назначеното стручно лице за вршење надзор над проспекциските или деталните геолошки истражувања,
- содржината на геолошката документација предмет на ревизија, односно дали истата е изготвена согласно Законот за минерални суровини (*) и подзаконските акти донесени врз основа на истиот и
- текстот, графичката документација и документациониот материјал на геолошката документација предмет на ревизија.

Член 8

При вршењето на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација од страна на Комисијата односно на Геолошкиот завод, најдоцна во рок од 90 дена од денот на доставувањето на документацијата од членот 3 од овој правилник односно на барањето со документацијата од членовите 5 и 6 од овој правилник, се изготвува ревизиски извештај и се издава ревизиска клаузула.

Ревизискиот извештај од ставот 1 на овој член содржи податоци од прегледот односно увидот на документите од членот 7 од овој правилник, како и:

- осврт кон содржината на геолошката документација предмет на ревизија, односно дали истата е изготвена согласно Законот за минерални суровини (*) и подзаконските акти донесени врз основа на истиот,
- констатации и забелешки по текстот, графичката документација и документациониот материјал на геолошката документација предмет на ревизија,
- забелешки и рок за нивно корегирање и
- препорака за издавање на ревизиска клаузула.

Член 9

Доколку изготвувачот на геолошката документација предмет на ревизија не постапи по забелешките од ревизорскиот извештај од членот 8 од овој правилник во определениот рок, геолошката документација предмет на ревизија не се прифаќа од страна на Комисијата односно Геолошкиот завод, со решение, со што постапката завршува.

Член 10

Ревизиската клаузула од извршената стручна оцена (ревизија) на геолошка документација за вршење на основни геолошки истражувања се издава во три оригинални примероци и истата заедно со геолошката документација предмет на ревизија останува во Геолошкиот завод.

Ревизиската клаузула од извршената стручна оцена (ревизија) на геолошка документација за вршење на проспекциски и детални геолошки истражувања се издава во три оригинални примероци од кои два примерока се за барателот, а еден примерок од истата, како и еден примерок од геолошката документација предмет на ревизија остануваат во Геолошкиот завод.

При издавањето на ревизиската клаузула се врши заверка на три ревидирани примероци на геолошката документација за вршење на основни, проспекциски или детални геолошки истражувања од страна на Геолошкиот завод.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/11).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 24-5418/1
9 декември 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi**, с.р.